АВТОМАТСКА ЧЕТКАРКА



Автоматската четкарка е една од најпопуларните машини на пазарот, бидејќи е едноставна за користење, нема човечки фактор и го зголемува вашиот капацитет во брусењето до 10 пати повеќе. Неопходна за обработка на плочест материјал и дрво, која овозможува брусење и на панели со неправилни форми (рустика, канали, декор, 2D, 3D форми и друго). Дали изработувате кујни со фарбан медијапан, собни врати, декоративни елементи, даски од масивно дрво, автоматската четкарка е идеален избор за вас.



НЕОПХОДНА МАШИНА

Брусењето е макотрпен процес и фаза во работата која никој работник не ја посакува, поради тоа оваа машина е неопходна во сите индустрии која ќе ви овозможи зголемување на капацитетот и намалување на човечкиот фактор во процесот на обработка.



ВРВНА ОБРАБОТКА

Составена од 3 зони со хоризонтални, кружни и долги четки. Кој независно се регулираат според тип на материјал за обработка. Во секоја зона има по два реда четки со различни ротации, леви и десни.



ТРАНСПОРТ

Движењето на материјалот е овозможено со висококвалитетна гумена трака и гумени ролери кој го стабилизираат парчето во две позиции и гарантираат непречно движење на материјалот и без негово оштетување.




КОНТРОЛЕН ПАНЕЛ

На контролниот панел е овозможено регулирање на секоја зона одделно, односно вклучување, регулирање на вртежите и регулирање на осцилациите. Дополнително вклучување на траката за транспорт и регулирање на висината на обработка.



ОТПРАШУВАЊЕ

Во горниот дел на машината се поставени 6 отвори ф100 за ефикасно отпрашување. Со машината следува внатрешна инсталација на флексибилни црева за отпрашување.



БРУСНИ ЛЕНТИ

Брусните ленти се поделени во три зони од кој, 7 хоризонтални четки во првата зона, 9 кружни четки во втората зона и 2 долги четки во третата или завршната зона.

	RK-1000M-PRO	RK-1300M-PRO
Максимална работна ширина	1000mm	1300mm
Минимална работна должина	400mm	400mm
Максимална работна дебелина	100mm	100mm
Моќност на мотор (хоризонтални четки)	2x1.5kW	2x1.5kW
Моќност ма мотор (кружни четки)	1.5kW	1.5kW
Моќност на мотор (долги ролери)	2x1.5kW	2x1.5kW
Моќност на мотор (осцилации на хоризонтални четки)	0.55kW	0.55kW
Моќност на мотор (осцилации на кружни четки)	0.37kW	0.37kW
Моќност за мотор (осцилации на долги четки)	0.55kW	0.55kW
Моќност на мотор (транспортер)	0.37kW	0.37kW
Моќност на редуктор	1.1kW	1.1kW
Вкупна моќност	10.44kW	10.44kW
Број на хоризонтални ролери	7	7
Дијаметар на ролер за хоризонтални четки	260mm	260mm
Број на кружни ролери	9	11
Дијаметар на ролер за кружни четки	180mm	180mm
Број на долги ролери	2	2
Дијаметар на ролер за долги четки	300mm	300mm
Брзина на обработка	6-30m/min	6-30m/min
Број на брусни ленти хоризонтални ролери	98 вкупно	126 вкупно
Број на брусни ленти кружни ролери	135 вкупно	165 вкупно
Број на брусни ленти долги ролери	40 вкупно	40 вкупно
Димензии на транспортна лента	5970x1000mm	5970x1300mm
Димензии на машината	3950x1650x1900mm	3950x1750x1900mm
Димензии на пакување	4000x1750x2000mm	4000x1850x2000mm
Тежина	1650kg	1950kg



МОЖНОСТИ

Со четкарката добивате многубројни можности во обработката како брусење на сиров медијапан, брусење на медијапан со основна боја (темел), брусење на панели со неправилни форми, 2D и 3D форми и брусење на производи од масивно дрво.